При изработка на проектната документација за се почитуваат, пропишаните мерките за заштита од поплави, уривање на брани и други автоматски непогоди, согласно Закон за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија" број 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 215/21) и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област.

Согласно член 67 од Законот за заштита и спасување, заштитата и спасувањето од поплави опфаќа регулирање на водотеците , изградба на заштитни објекти, одржување и санирање на оштетените делови на заштитните објекти, набљудување и извидување на состојбите на водотеците и високите брани, заштитните објекти и околината, обележување на висинските коти на пловниот бран, навремено известување и тревожење на населението во загрозеното подрачје, спроведување на евакуација на населението и материјалните добра од загрозеното подрачје обезбедување на премин и превоз преку вода, спасување на загрозените луѓе на вода и под вода, црпење на водата од поплавените објекти и извлекување на удавените, обезбедување на населението во поплавените подрачја со основните услови за живот и учество во санирање на последиците предизвикани од поплавата.

5.2.3. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОЖАРИ, ЕКСПЛОЗИИ И ОПАСНИ МАТЕРИИ

При изработка на основен проект врз за објектите кои се предвидува да бидат изградени од цврста градба (придружни објекти) предвидени со Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објекти со класа на намена Б2.2 – Трговски центри на КП 2832/50, КП 2832/47, КП 2832/68, КП 2832/67, КП 2832/52 и дел од КП 2832/2 КО Струга, Општина Струга, да се почитуваат пропишаните мерки за заштита од пожари, согласно Законот за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија" број 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 215/21), Законот за пожарникарство ("Сл. весник на РМ" бр. 67/04, 81/07, 55/13), Правилникот за мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи ("сл. Весник на РМ" бр.32/11), Правилникот за сушинските барања за заштита од пожар на градежни објекти ("Сл. весник на РМ" бр.94/09), Правилник за техничките нормативи за хидрантската мрежа за гаснење на пожари ("сл. Весник на РМ" бр.31/06), Правилник за изборот на видовите и на количините на противпожарните апарати со кои треба да располагаат правните лица и граѓаните, како и за критериумите што треба да ги исполнуваат правните лица кои што вршат сервисен преглед и контролно испитување на противпожарните апарати ("сл. Весник на РМ"бр.105/05), Правилник за начинот на определување на местата на кои задолжително треба да се наоѓаат уредите и инсталациите за заштита од пожари, другата противпожарна опрема, средствата за гаснење на пожари и противпожарните апарати, нивното одржување во исправна состојба, посебното обележување и достапност за употреба ("сл. Весник на РМ" бр.74/06 и76/07) и другите позитивни прописи кои ја регулираат оваа проблематика.
Во однос на заштитата од пожари и експлозии при изработка на основен проект да се предвиди и громобранската инсталација, согласно Правилникот за македонските стандарди за заштита на објекти од атмосферски празнења ("сл. Весник на РМ" бр.101/2000).

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објекти со класа на намена Б2.2 – Трговски центри на КП 2832/50, КП 2832/47, КП 2832/68, КП 2832/67, КП 2832/52 и дел од КП 2832/2 КО Струга, Општина Струга

Надворешните противпожарни хидранти да се предвидуваат согласно Правилникот за технички нормативи за хидрантската мрежа за гаснење на пожари (СЛ. Весник бр.26/2018, односно растојанието на хидрантите да изнесува најмалки 5 метри, а најмногу 80 метри.

Инсталациите, уредите и постројките треба да се изведуваат на начин да не претставуваат опасност за предизвикување на пожари и експлозии.

Составен дел на проектната документација е Елаборатот за заштита од пожари, експлозии и опасни материи, кој се изработува согласно Упатството за содржината на елаборатот за заштита од пожари, експлозии и опасни материи ("сл. Весник на РМ" бр.139/10), за кој Дирекцијата за заштита и спасување дава посебна согласност.

Меѓусебното растојание на градбите треба да изнесува 1/3 од вкупната височина на двете градби сметано од котата на терен до котата на венец, но да не е помало од 8м согласно член 24 од Правилникот за мерки за заштита од пожари, експлозии и опасни материи (Сл. Весник на РСМ 231/2020).

5.2.4. ЗАШТИТА ОД НЕЕКСПЛОДИРАНИ УБОЈНИ СРЕДСТВА И ДРУГИ ЕКСПЛОЗИВНИ СРЕДСТВА

Заштитата од неексплодирани убојни средства и други експлозивни средства опфаќа пребарување и пронаоѓање на НУС, одбележување и обезбедување на теренот, онеспособување и уништување на сите видови НУС и други експлозивни средства, како и транспорт до определено и уредено место за уништување и безбедносни мерки за време на транспортот, согласно Стандардно оперативните процедури на Дирекцијата за заштита и спасување, согласно член 80 од Законот за заштита и спасување.

5.2.5. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД УРНАТИНИ

Заштитата од урнатини како превентивна мерка се утврдува во урбанистичките решенија во текот на планирање на просторот, урбанизирање на населбите и изградба на објектите.

Во урбанистичките решенија се утврдува претпоставениот степен на урнатини, нивниот однос спрема слободните површини и степенот на проодност на сообраќајниците.
При проектирањето да се води сметка да не се создаваат тесни грла на сообраќајниците и зони на тотални урнатини.

Заштитата од урнатини да се обезбедува со изградба на оптимално отпорни објекти согласно сеизмолошката карта на Република Северна Македонија, изградени со помала количина на градежен материјал и релативно помали тежини.

Заштита и спасување од урнатини е регулирана во член 81 од Закон за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија" број 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 215/21).

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објекти со класа на намена Б2.2 – Трговски центри на КП 2832/50, КП 2832/47, КП 2832/68, КП 2832/67, КП 2832/52 и дел од КП 2832/2 КО Струга, Општина Струга

5.2.6. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ТЕХНИЧКО-ТЕХНОЛОШКИ НЕСРЕЌИ

Согласно член 82 од Законот за заштита и спасување заштитата и спасувањето од техничко-технолошки несреќи опфаќа преземање на превентивни и оперативни мерки во индустриските објекти, кои во производниот-услужниот процес употребуваат материи или постројки што предизвикуваат висок степен на загрозеност на луѓето, животните, растенијата и материјалните добра.

5.2.7. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД СООБРАЌАЈНИ НЕСРЕЌИ

Согласно член 83 од Закон за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија" број 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 215/21) спасувањето од сообраќајни несреќи опфаќа мерки и активности за спасување при настанати големи несреќи во патниот, железничкиот, воздушниот и водениот сообраќај во кои има поголем број повредени и загинати лица и/или е предизвикана голема штета.

5.2.8. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД СВЛЕКУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО

При изработката на урбанистичко проектната документација со оглед на конфигурацијата на теренот, претпоставува можно настанување на свлекување на земјиштето, потребно е да се изготви Елаборат за извршени геомеханички, геолошки и хидролошки испитувања.

5.3.ХУМАНИТАРНИ МЕРКИ

5.3.1. ЕВАКУАЦИЈА

Согласно член 84 и 85 од Законот за заштита и спасување со евакуацијата се врши планско, организирано и контролирано преместување на населението, материјалните добра и културното наследство на Републиката од загрозените на побезбедни подрачја.

Евакуацијата се извршува до колку со други мерки не е можно да се спречат последиците од природните непогоди и други несреќи.

5.3.2. МЕРКИ ЗА ЗДРИЖУВАЊЕ НА НАСТРАДАНО И ЗГРОЗЕНО НАСЕЛЕНИЕ

Згрижувањето на настрадано и загрозено население е предвидено во член 86 од Закон за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија" број 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 215/21).
Согласно член 86 од Законот за заштита и спасување, згрижувањето опфаќа прифаќање, сместување и обезбедување на основни услови за живот на настраданото и загрозеното население. Републиката и единиците на локалната самоуправа се должни да обезбедат сместување и итно згрижување на населението, кое поради природни непогоди и други несреќи, останало без дом и средства за живеење и кое поради загрозеност се задржува надвор од своето место на живеење.

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објекти со класа на намена Б2.2 – Трговски центри на КП 2832/50, КП 2832/47, КП 2832/68, КП 2832/67, КП 2832/52 и дел од КП 2832/2 КО Струга, Општина Струга

Републиката и единиците на локалната самоуправа од кои се згрижува населението ги покриваат трошоците за сместување и обезбедување на основните услови за живот.

5.3.3. РАДИОЛОШКА, ХЕМИСКА И БИОЛОШКА ЗАШТИТА

Радиолошката, хемиската и биолошка заштита во Урбанистичко проектната документација потребно е да се разработи согласно член 87 од Законот за заштита и спасување и другите подзаконски прописи кои ја регулираат оваа материја.

Потребно е да се планираат и можни локации за складирање и депонирање на тврдиот отпад кој ќе произлезе од производниот-услужниот процес, почитувајќи ги техничките норми при проектирањето. Во инфраструктурата да биде разработена и планирана фекалната канализација со цел да не дојде до загадување на природните водотеци. Во целост да се почитуваат нормативите и стандардите за зачувување и заштита на чистата и здрава животна средина.

5.3.4. ПРВА МЕДИЦИНСКА ПОМОШ

Согласно член 88 од Законот за заштита и спасување, прва медицинска помош опфаќа преземање на мерки и активности за укажување на прва медицинска помош со стандардни и прирачни средства на местото на повредувањето-заболувањето, медицинска тријажа на повредените и заболените и транспорт до најблиските здравствени установи.

5.3.5. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ НА ЖИВОТНИ И ПРОИЗВОДИ ОД ЖИВОТИНСКО ПОТЕКЛО

Заштитата и спасувањето на животни и производи од животинско потекло опфаќа превентивни и оперативни мерки за заштита на животните и производите од животинско потекло од дејствата на природните непогоди и други несреќи, согласно член 89 од Законот за заштита и спасување.

5.3.6. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ НА РАСТЕНИЈА И ПРОИЗВОДИ ОД РАСТИТЕЛНО ПОТЕКЛО

Заштитата и спасувањето на растенијата и производите од растително потекло опфаќа превентивни и оперативни мерки и активности за заштита од растителни болести, штетници, плевели, радиолошка, хемиска и биолошка контаминација и други видови на загрозување, согласно член 90 од Законот за заштита и спасување.

5.3.7. АСАНАЦИЈА НА ТЕРЕН

Асанацијата на теренот опфаќа пронаоѓање, собирање, идентификација, транспорт и погребување на загинати и умрени лица, собирање, транспорт и закоп на угинати животни, собирање и уништување на сите видови отпадни и други опасни материи што го загрозуваат животот и здравјето на луѓето, дезинфекција, дезинсекција и дератизација на теренот и објектите како и асанација на објектите за водоснабдување, согласно член 91 од Законот за заштита и спасување Закон за заштита и спасување („Службен весник на Република

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објекти со класа на намена Б2.2 – Трговски центри на КП 2832/50, КП 2832/47, КП 2832/68, КП 2832/67, КП 2832/52 и дел од КП 2832/2 КО Струга, Општина Струга

Македонија" број 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 215/21).

Се што не е опфатено во напред изнесените податоци и информации, се применуваат одредбите од Закон за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија" број 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 215/21), Законот за пожарникарство ("сл. Весник на РМ" бр.64/04) и другите подзаконски акти кои ја регулираат материјата за заштита и спасување.

5.4. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПРЕЧУВАЊЕ НА ОШТЕТУВАЊА НА ВОДОСТОПАНСКИ ОБЈЕКТИ И ПОСТРОЈКИ

Проектниот опфат од западната страна граничи со канал за наводнување на земјоделски површини во КП 1630 КО Кадино. Истиот е третиран согласно Законот за води („Службен весник на Република Македонија" број 87/2008, 6/2009, 161/2009, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 151/21).
Заради заштита и спречување на оштетувања на водостопански објекти и постројки, се забранува:
1) да се изведуваат градби или да се вршат работи со кои се загрозува стабилноста на одбранбените насипи, да се копа земја, да се садат дрвја и грмушки, забиваат колци или да се подигаат огради, доколку не се составен дел на системот за одбрана од поплави;
2) да се копаат и дупчат бунари на растојание помало од 20 метри од ножицата на одбранбените насипи;
3) да се копаат прокопи и паралелни канали по должината на насипот поблиски од 10 метри од внатрешната и 10 метри од надворешната страна на ножицата на насипот;
4) во појасот на одбранбениот насип и други заштитни водостопански објекти и постројки да се сечат дрвја, врбјаци и грмушки што се составен дел на заштитата, одбранбените работи и мерки, ако тоа не е определено со планот за одржување на заштитните објекти и постројки;
5) да се пушта добиток за напасување и преминување преку или долж водостопанските објекти, ако тоа не е предвидено со планот за одржување на водостопанските објекти и постројки;
6) да се врши сообраќај долж или преку водостопанските објекти и постројки, освен на определени места за тоа (природни рампи);
7) да се фрлаат отпадоци, земја и други предмети со кои се затрупуваат каналите;
8) да се испуштаат отпадни води во објектите од хидросистемите и системите за наводнување и системите за одводнување;
9) да се изведуваат работи кои би можеле да ги променат условите за мерење на водата на хидрометриски профили кај хидролошките станици;
10) да се изведуваат работи кои би можеле да ја загрозуваат стабилноста на браната, одбранбените насипи и други водостопански објекти и постројки или нивното наменско користење, како и да се менуваат природните услови во околината на акумулацијата поради што би можело да дојде до лизгање на теренот, појава на ерозија или создавање на суводолици и порои;
11) да се градат напречни насипи, прегради, други објекти и насади во коритата на водотеците кои го влошуваат режимот на течението на водите;
12) да се вади песок, чакал, камен и друго од заштитните водостопански објекти и постројки, ако тоа не е предвидено со планот за нивно одржување и

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објекти со класа на намена Б2.2 – Трговски центри на КП 2832/50, КП 2832/47, КП 2832/68, КП 2832/67, КП 2832/52 и дел од КП 2832/2 КО Струга, Општина Струга

13) да се вршат и други работи со кои се оштетуваат водостопански објекти и постројки.

5.5. МЕРКИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА БАРИЕРИ ЗА ЛИЦАТА СО ИНВАЛИДНОСТ

Составен дел на овој Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објекти со класа на намена Б2.2 – Трговски центри на КП 2832/50, КП 2832/47, КП 2832/68, КП 2832/67, КП 2832/52 и дел од КП 2832/2 КО Струга, Општина Струга, се конкретни мерки за создавање на услови за непречено движење на лица со инвалидитет во рамките на проектниот опфат. Ова особено се однесува на уредувањето на земјиштето за општа употреба во рамките на проектниот опфат, а пред сè планираната улична мрежа.

За обезбедување на непречено движење на лицата со инвалидитет, сите јавни пешачки површини се планирани со континуирана нивелета без скалести денивелации, со најголем подолжен наклон од 1,20%.

Поставувањето на трајна и времена урбана опрема на јавните пешачки површини не смее да претставува архитектонска бариера и да го попречува или отежнува пешачкиот сообраќај, а особено на лица со инвалидност со колички.

При изработка на проекти за уредување на земјиштето за општа употреба, како и проекти за градбите од градежните парцели со основна класа на намена Г2.2 - Згради од прехранбената индустрија, задолжително се применуваат одредбите на Правилникот за начинот на обезбедување на непречен пристап, движење (хоризонтално и вертикално), престој и работа на лица со инвалидност до и во градби со јавни и деловни намени, градби со намена домување во станбени згради, како и градби со станбено – деловна намена (Службен весник на Република Македонија, број 17/15), одредбите на членовите 109 – 123 од Правилникот за стандарди и нормативи за проектирање (Службен весник на Република Македонија, број 60/12 и 29/15).

5.6. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА СПОРЕД ПЛАН ЗА УПРАВУВАЊЕ СО СВЕТСКО ПРИРОДНО И КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО НА ОХРИДСКИОТ РЕГИОН СО АКЦИСКИ ПЛАН (2020-2029) (СЛ.ВЕСНИК НА РСМ БР.45/20)

Предметниот проектен опфат според План за управување со Светско природно и културно наследство на Охридскиот Регион со Акциски план (2020-2029) (Сл.весник на РСМ бр.45/20) спаѓа во заштитна зона III-д.
Мерки на заштита во заштитната зона III:
- зачувување на висината и фасадниот изглед, како на поединечно заштитените добра и така и на амбиенталните објекти;
- зачувување на габаритот на поединечно заштитените добра;
- зачувување на изворната состојба на поединечно заштитените добра со спроведување мерки како конзервација, реставрација, санација и сл.;
- не смее да се изведуваат интервенции кои можат да го загрозат интегритетот на поединечните заштитени и амбиентални добра.
Новите градби потребно е да ги исполнат спесифичните аспекти со кои ќе бидат испочитувани културните вредности и традиции на историската област, како и условите на постојните структури. Во таа смисла, се забранува окрупнување, односно создавање вештачка комбинација на неколку парцели за да се изгради голема градба.

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објекти со класа на намена Б2.2 – Трговски центри на КП 2832/50, КП 2832/47, КП 2832/68, КП 2832/67, КП 2832/52 и дел од КП 2832/2 КО Струга, Општина Струга

Новите градби треба да имаат:
- ритам кој е во хармонија со урбаниот и морфолошкиот образец на околните градби доколку се поединечно заштитено добро или поседуваат амбиентални вредности;
- габарит кој е усогласен со контекстот и не ја нарушува визуелната перцепција кон целината Старо градско јадро;
- улична гранична линија која ја следи линијата на постојните објекти;
- силуета која го почитува традиционалниот локален карактер и силуетата на просторот каде се градат;
- висок квалитет на градба и дизајн, кој се постигнува со особено внимание на пропорциите.

Забранети активности во заштитната зона III-д се:
- Интензивно земјоделско производство со прекумерна употреба на пестициди / ѓубриво кои загадуваат;
- Изградба на објекти повисоки од П+3 ката и поголем процент на изграденост од 40%;
- Реконструкција на легално изградените станбени објекти во постојниот габарит;
- Други активности што може да го нарушат пределот и да ја загрозат исклучителната вредност.

Целта на планирањето на заштитата, особено кога се работи за регион кој е светско наследство, е да се даде приоритет на зачувувањето на постојните историски градби со нивниот контекст. Новите гадби се потребни за воспоставување функционален и архитектонски континуитет и треба да го изразат духот на денешницата со дизајн темелен на јасна и систеска анализа на историската морфологија на постојните урбани градби и нивната функција.

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објекти со класа на намена Б2.2 – Трговски центри на КП 2832/50, КП 2832/47, КП 2832/68, КП 2832/67, КП 2832/52 и дел од КП 2832/2 КО Струга, Општина Струга

НУМЕРИЧКИ ДЕЛ – ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

Нумерација на градежна парцела	Група на класи на намена	Основна класа на намена	Компатибилни класи на намена на основната класа	Површина на градежна парцела (m²)	Површина за градба (m²)	Висина на хоризонтален венец	Катност	Развиена бруто површина (m²)	Процент на изграденост	Коефициент на искористеност	Минимален процент за зеленило во парцела
1.1	Б	Б2.2	Б1, Б3, Б4 (30%)	21400m²	8509m²	7,2m /9,00m	П/ П+1	14325m²	39.8%	0.67	20%
1.2	Е	Е1.8	-	36m²	15m²	4,00m	П	15m²	41.5%	0.42	-
1.3	Е	Е1.8	-	36m²	15m²	4,00m	П	15m²	42.2%	0.42	-
Вкупно				**21472m²**	**8539m²**			**14355m²**	**39.8%**	**0.67**	

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТИ СО КЛАСА НА НАМЕНА Б2.2 – ТРГОВСКИ ЦЕНТРИ НА КП 2832/50, КП 2832/47, КП 2832/68, КП 2832/67, КП 2832/52 И ДЕЛ ОД КП 2832/2 КО СТРУГА, ОПШТИНА СТРУГА		
Б2.2 – ТРГОВСКИ ЦЕНТРИ	21400 m²	99.67%
Е1.8 – ТРАФОСТАНИЦА	72 m²	0.33%
ВКУПНО	**21472 m²**	**100.00%**

НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ ВО РАМКИ НА ГП 1.1		
ПОВРШИНА ПОД ГРАДБА	8509 m²	40%
ПОВРШИНА ПОД ЗЕЛЕНИЛО	4320 m²	20%
СООБРАЌАЈНИ ПОВРШИНИ	8571 m²	40%
ВКУПНО	**21400 m²**	**100.00%**

МИСЛЕЊА

Република Северна Македонија
Агенција за катастар на недвижности

Republika e Maqedonisë së Veriut
Agjencia e kadastrës së paluajtshmërive

До: Општина СТРУГА

Бр. / Nr. _____
Дата: / Me datë: _____,
Скопје / Shkup
0932-1114/6
11.6.2025

Трифун Хаџи Јанев бр.4
/ Trifun Haxhi Janev nr.4
1000 Скопје / Shkup
Тел. / Tel. (02) 3204 801
Факс: / Fax. (02) 3171 668
Е-пошта: / Posta e-:
info@katastar.gov.mk
Сајт: / Faqja: www.katastar.gov.mk

ПРЕДМЕТ: Мислење за утврдена состојба
Врска:Број на постапка во Е-Урбанизам за УП (член 58 став 6):**70862**
Ваш бр. 10-2130/6 од 09.06.2025 год.
Наш бр. 0932-1114/5 од 10.06.2025год.

Почитувани,

До Агенцијата за катастар на недвижности, иницирате постапка за мислење за од Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објекти со класа на намена Б2.2 – Трговски центри на КП 2832/50, КП 2832/47, КП 2832/68, КП 2832/67, КП2832/52 и дел од КП 2832/2, КО Струга, Општина Струга, изработен од ***"ИН-ПУМА"*** Скопје, со тех.бр. 22/2025 од јуни 2025 год., со податоците од катастарскиот план, врз основа на член 47 став 8 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/2020, 111/23, 73/24, 171/24, 224/24, 40/25 и 101/25).

Агенцијата за катастар на недвижности по извршениот увид на доставената документација и Електронскиот запис со кој се потврдува дека урбанистичкиот проект го исполнува квалитетот од тематски и тополошки аспект, Ве известува дека се исполнети условите за издавање на позитивно мислење.

Прилог: Извештај од утврдена состојба по извршено споредување.

Со почит,

Изработил: Тања Трајкоска Јанчевска, виш соработник
Контролирал/Одобрил: м-р Билјана Ајтарска, раководител на одделение

Директор

Иван Живковски

Место за Дигитални потписи
Изработил Контролирал Одобрил Согласен Директор

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

СТРУГА

ИЗВЕШТАЈ ОД УТВРДЕНА СОСТОЈБА ПО ИЗВРШЕНО СПОРЕДУВАЊЕ

Реден број	ПОДАТОЦИ ЗА НОСИТЕЛИТЕ НА НЕДВИЖНОСТИТЕ					ПОДАТОЦИ ЗА ГРАДЕЖНАТА ПАРЦЕЛА												
	Презиме, татково име и име (за граѓански лица) Точно име на правното лице	Место на живеење	Улица	Куќен број	Катастарска општина	Број на имотен лист	Број на парцела		Катастарска			Површина			Број на градежна парцела градежна	Технички број	Забелешка	Товар
							Основен	Дел	Култура		Класа	x	a	m2				
1	РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА				26046	4051	2832	2	зз	н	3			**2773.34**	1.1	22/2025		П
														245988.8				
2	ПТГУД НАБИЗИ ДОО СТРУГА	СТРУГА	ИНДУСТРИСКА ЗОНА	ББ	26046	6709	2832	47	зз		3			**7457.13**	1.1			П
														36.12				
3	ДИМЧЕ МЕЧКАРОСКИ	СТРУГА	МИСЛЕШЕВО		26046	6710	2832	48	зз	н	3			**0**	1.1			
														7492.72				
	СТЕВО МЕЧКАРОСКИ	СТРУГА	С.МИСЛЕШЕВО	ББ														
	КЛИМЧЕ МЕЧКАРОСКИ	СТРУГА	С.МИСЛЕШЕВО															
4	ПТГУД НАБИЗИ ДОО СТРУГА	СТРУГА	ИНДУСТРИСКА ЗОНА	ББ	26046	6955	2832	50	зз	н	3			**376.31**	1.1			П
														0				
5	ПТГУД НАБИЗИ ДОО СТРУГА	СТРУГА	ИНДУСТРИСКА ЗОНА-КОМ	1	26046	4354	2832	52	зз	н	3			**2357.52**	1.1			П
														0				
6	ПТГУД НАБИЗИ ДОО СТРУГА	СТРУГА	ИНДУСТРИСКА ЗОНА	ББ	26046	101097	2832	67	зз	н	3			**1522.14**	1.1			П
														20.15				
7	ПТГУД НАБИЗИ ДОО СТРУГА	СТРУГА	ИНДУСТРИСКА ЗОНА	ББ	26046	101097	2832	68	зз	н	3			**6913.42**	1.1			П
														0				
													Меѓузбир:	21399.86				
8	РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА				26046	4051	2832	2	зз	н	3			**0**	1.2			П
														248762.2				
9	ПТГУД НАБИЗИ ДОО СТРУГА	СТРУГА	ИНДУСТРИСКА ЗОНА	ББ	26046	6709	2832	47	зз		3			**36.12**	1.2			П
														7457.13				
10	КЛИМЧЕ МЕЧКАРОСКИ	СТРУГА	С.МИСЛЕШЕВО		26046	6710	2832	48	зз	н	3			**0**	1.2			
														7492.72				
	ДИМЧЕ МЕЧКАРОСКИ	СТРУГА	МИСЛЕШЕВО															
	СТЕВО МЕЧКАРОСКИ	СТРУГА	С.МИСЛЕШЕВО	ББ														
													Меѓузбир:	36.12				
11	РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА				26046	4051	2832	2	зз	н	3			**15.45**	1.3			П
														248746.7				
12	ПТГУД НАБИЗИ ДОО СТРУГА	СТРУГА	ИНДУСТРИСКА ЗОНА	ББ	26046	101097	2832	67	зз	н	3			**20.15**	1.3			П
														1522.14				
													Меѓузбир:	35.6				
										ВКУПНО				**21471.58**				

Датум на генерирање на извештајот:
10-06-2025

Изработил:
Агенција за Катастар на Недвижности

Нашброј: 1404-1323/2
Скопје 16.09.2025 г.

ДО:
ОПШТИНА СТРУГА

Предмет: Одговор за барање за мислење за ТК инсталации
Врска: Ваше барање бр. 10-2130/4 преку е-урбанизам

Почитувани,

Согласно вашето барање за мислење, а во врска со изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објекти со класа на намена Б2.2 – Трговски центри на КП 2832/50, КП 2832/47, КП 2832/68, КП 2832/67, КП2832/52 и дел од КП 2832/2 КО Струга, Општина Струга, ве известуваме дека Агенцијата за електронски комуникации нема забелешки на доставениот урбанистички проект.

Со почит,

Сектор за телекомуникации

Изработил: С. Јовевска
Раковoдител на сектор
Д-р Борис Арсов

ДИРЕКТОР:
Jeton Akiku

АЕК-401.03

www.aek.mk
ул.Кеј Димитар Влахов 21
1000 Скопје
тел.: 02 32 89 200
факс: 02 32 24 611
е-пошта: contact@aec.mk

Република Северна Македонија
Министерство за култура
УПРАВА ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Kulturës
DREJTORIA PËR MBROJTJEN E TRASHËGIMISË KULTURORE

Бр. 17-951/4
19-05-2025
Скопје

До
ОПШТИНА СТРУГА
Одделение за Урбанизам
Плоштад Мајка Тереза бб
6330 Струга
Република Македонија

Предмет: Мислење
Врска: Ваше барање 10-2130/3 од 16.05.2025

Во врска со вашето барање за добивање мислење за постоење на културно наследство за изработка на урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Б2.2 на КП 2832/50, КП 2832/47, КП 2832/68, КП 2832/67, КП 2832/52 и дел од КП 2832/2, КО Струга, општина Струга, Управата за заштита на културното наследство ја разгледа доставената и постојната документација и констатира дека во границите на опфатот нема заштитени добра ниту добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство.

Во планската документација се вградени условите наведени од Управата за заштита на културното наследство како и обврската во случај да се појави археолошко наоѓалиште да се постапи во согласност со одредбите од член 65 од Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на Република Македонија" бр.20/04, бр.115/07, бр.18/11, бр.148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15 и 39/16).

Со оглед на тоа, од аспект на заштита на културното наследство постапката за усвојување на планот може да продолжи.

Напоменуваме дека предметниот простор се наоѓа во границите на природното и културното наследство на Охридскиот регион заштитен од УНЕСКО. Поради тоа при планирање и проектирање на предментната документација, истиот треба да биде усогласен со Планот за управување со светското природно и културно наследство на охридсиот регион (2020-2029), да се почитуваат меѓународните и домашните прописи и да се води сметка за вклопување на објектите во амбиентот, особено во поглед на нивната висина и габарит.

Со почит,

Директор,
Весела Чешоева

Изработил: Ф. Доневски 13.05.2025
Одобрил: м-р Б. Јовановска

Република Северна Македонија
Агенција за цивилно воздухопловство

07

АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО

ДО: **Општина СТРУГА**

Бр. 12-8/314

Скопје, 23.04.2025г.

ПРЕДМЕТ: Мислење

ВРСКА: Ваш бр.10-2130/3 од 16.05.2025 година
e-urbanizam, постапка бр.70862

Почитувани,

Врз основа на вашето барање Ве известуваме дека стручните служби на Агенцијата за цивилно воздухопловство ја разгледаа доставената техничка документација:

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објекти со класа на намена Б2.2 – Трговски центри на КП 2832/50, КП 2832/47, КП 2832/68, КП 2832/67, КП2832/52 и дел од КП 2832/2 КО Струга, Општина Струга

изработен од ИН-ПУМА ДОО Скопје со тех.бр.22/2025 од 04/2025 година,

при што констатирано е дека предметниот опфат се наоѓа зон зона на било кој аеродром, леталиште или воздухопловен уред, а планираниот објект со катност од П+1 и висина од 8м нема да претставува препрека во воздухопловството и нема да влијае врз безбедноста на цивилниот воздушен сообраќај, врз основа на што издаваме ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ за изработената техничка документација, без посебни услови за градба од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај.

Мислењето се издава врз основа на *член 47 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на РСМ" бр.32/20)*

За дополнителни информации може да не контактирате на телефон 02/3181-609, секој работен ден од 7.30-15.30 часот.

Ви благодариме на соработката. За дополнителни информации може да не контактирате на телефон 02/3181-609, секој работен ден од 7.30-15.30 часот.

Ви благодариме на соработката.

Со почит,

Билјана Јованова
Советник на директорот за безбедност и сигурност на аеродроми и навигација
(по овластување од Директорот бр.02-1730/3 од 28.12.2023 година)

ул. „Даме Груев" број 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
т.: + 389 (2) 3 114 046 т.: + 389 (2) 3 181 601
info@caa.gov.mk www.caa.gov.mk

Влада на Република Северна Македонија
- ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ -
Подрачно одделение Струга

25 Јуни 2025 година.

Бр. 09/3-105/2

До
Општина Струга

Предмет: Мислење, доставува.-
Врска : Ваш акт со.број 10-2130/6 од 09.06.2025 год.

Врз основа на член 53 од Законот за заштита и спасување (Сл. Весник на РМ бр. 93/12 – пречистен текст 41/14, 129/15, 71/16, 106/16) а согласно член 1 и член 88 од Законот за општа управна постапка (Сл. Весник на РМ бр. 124/15) Дирекцијата за заштита и спасување – Подрачно одделение за заштита и спасување Струга, Ви го доставува следното

М И С Л Е Њ Е

За застапеноста на мерките за заштита и спасување за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објекти со класа на намена Б2.2 трговски центри, на КП 2832/50, КП 2832/47 и КП 2832/68 КП 2832/67 КП 2832/52 и дел од КП 2832/2 КО Струга општина Струга со Тех бр.22/2025 од Мај 2025 изработен од ИН ПУМА Скопје.

Дирекцијатра за заштита и спасување изврши увид во поднесената документација - **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објекти со класа на намена Б2.2 трговски центри, на КП 2832/50, КП 2832/47 и КП 2832/68 КП 2832/67 КП 2832/52 и дел од КП 2832/2 КО Струга општина Струга, со Тех.Бр 22/2025** изработена од ИН ПУМА Скопје и констатира дека мерките за заштита и спасување се соодветно вградени, врз основа на што Дирекцијата за заштита и спасување дава **позитивно мислење.**

Изработил: Зоран Џутески

ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ
Подрачно одделение за ЗС – Струга
Овластен Потписник
Зоран Џутески

Доставено до: Насловот, Архива.

Дирекција за заштита и спасување
Сектор за превенција, планирање и развој
Одделение за издавање на урбанистичка согласност
ул. „Васко Карангелевски“ бр.8,
1000 Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 2433 384
www.dzs.gov.m
dzs@dzs.gov.mkdzs@

EVN Group

ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје
Друштво за дистрибуција на електрична енергија
Бр. 10-55/7-248 од 13.05.2025
Скопје

Одговорно лице: Драган Николоски
Контакт телефон: 072 931 308

Предмет: Издавање на мислење за електроенергетски објекти и инфраструктура од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје

Почитувани,

Во врска со Вашиот допис од бр 10-2130/4 од 13.05.2025 година, со кој барате да дадеме мислење за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објекти со класа на намена Б2.2 – Трговски центри на КП 2832/50, КП 2832/47, КП 2832/68, КП 2832/67, КП2832/52 и дел од КП 2832/2 КО Струга, Општина Струга, ве известуваме дека **немаме** забелешки за постојните и новопланираните електроенергетски објекти и инфраструктура и Ви даваме **ПОЗИТИВНО** мислење.

Услов е кај сите вкрстувања и приближувања до електроенергетски објекти и инфраструктура, да се запазуваат законските прописи и работни норми.

Задолжително да се почитуваат заштитните појаси на електроенергетските објекти согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

Доколку во опфатот е потребна промена или дислокација на електроенергетските објекти и инфраструктура, потребно е да се предвиди локација/траса за дислокација на објектите и инфраструктурата и инвеститорот е должен да ги надомести трошоците за дислокација. Еден од условите за позитивно мислење за одобрение за градење е претходно реализирана дислокација и/или промена предвидена во постапката за е-урбанизам (услови издадени од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје)

Со почит,

Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје
Оддел Мрежен Инженеринг

НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ-ОХРИД

НУ Завод и Музеј - Охрид, ул. "Боро Шаин" бр. 10,П.Фах. 95, 6000 Охрид, Република Македонија
тел. 046 262-498; 046/231-300; факс 046 231-302, Музејска зграда Робеци 267-173, е-маил: zmohrid@yahoo.com
жиро сметки: буџетска 180100907560319 и сопствена 180100907578716

Република Северна Македонија
Национална установа ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ
Republika e Maqedonisë së Veriut
Institucioni Nacional ENTI I MUZEUT MBROJTJES SË MONUMENTEVE TË KULTURES DHE
Бр./Nr. 13-684/2
28.05.2025
Охрид/Ohër

Во Акта - Архивски знак
Ne Akt - Shenim arkivor
Рок на чување
Afat ruajtjes

КОМУНА СТРУГА
KOMUNA E STRUGES
29.05.2025

Орг.единица Nje organizative	Број Numer	Прилог Shtese	Вредност Vlera
	10-2130/4		

До
Општина Струга
Сектор за урбанизам, комунални дејности,
сообраќај и заштита на животна средина
ул. Мајка Тереза бб
6330 Струга

Предмет: Доставување на Мислење

Поврзано со: Барање мислење бр. 10-2130/4 од 13.05.2025 (наш бр. 13-684/1 од 14.05.2025) за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објекти со класа на намена Б 2.2 – Трговски центри на КП 2832/50, КП 2832/47, КП 2832/68, КП 2832/67, КП 2832/52 и дел од КП 2832/2 КО Струга, Општина Струга

Согласно Владините укажувања кои се однесуваат на спроведување на „Планот за управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион со Акциски план 2020-2029" (Сл. Весник бр 45/2020)", и согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр 32/20 и 111/23) а врз основа на службената евиденција што ја води НУ Завод и Музеј-Охрид, го даваме следново:

МИСЛЕЊЕ

На предвидениот опфат за изработка на Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објекти со класа на намена Б 2.2 – Трговски центри на КП 2832/50, КП 2832/47, КП 2832/68, КП 2832/67, КП 2832/52 и дел од КП 2832/2 КО Струга, Општина Струга, не постои културно наследство, ниту добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство. Но планскиот опфат се наоѓа во рамките на УНЕСКО заштитеното подрачје, каде согласно одредбите од „Планот за управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион со Акциски план 2020-2029" (Сл. Весник бр. 45/2020), опфатот се наоѓа во Зона III-д (урбани опфати надвор од градот и надвор од селата) на заштита на културното наследство, каде максималната дозволена катност е П+3, а процентот на изграденост не преминува 40% со пропишан режим на заштита кој треба да се почитува при изработката на планската документација.

Во доставениот планска документација со тех. бр. 22/2025 од мај 2025 година изработен од Институт за урбанизам, сообраќај и екологија ИН-ПУМА ДОО Скопје вградени се Мерките за заштита на природното и културното наследство, а кои се однесуваат на забранети активности, делот на максимален дозволен процент на изграденост и дозволена катност.

Културното наследство го сочинуваат различни видови добра и нивното опкружување, сочинувајќи една целина. Бидејќи тоа може да има различни вредности, во зависност од

контекстот, неговиот заштитен третман може да се разликува од случај до случај. Во таа насока, целта на заштитата е да се зачува квалитетот и вредноста на културното наследство, неговата материјална содржина и да го осигура неговиот интегритет за идните генерации

Помеѓу другото во Извадокот од Нацрт записникот од 187-та Владина седница во Точка 31: Информација за потребата од преземање на итни мерки за рехабилитација на светското природно и културно наследство на Охридскиот регион, во потточка 18 се задолжува Министерството за транспорт и врски, а им се укажува на Општините, сите урбанистички плански документации да ги доставуваат до Комисијата за управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот регион, на мислење уште во фаза на предлог опфат, односно пред да бидат усвоени од општинската Комисија за урбанизам и инкорпорирани во годишната програма за изработка на урбанистички планови.

Во општите и посебни мерки да се нагласи дека потребно е при реализација на проектот, при извршување на земјени работи и друг вид ископ во граници на опфатот, ако се наиде на случајни откритија на движни и недвижни археолошки артефакти, потребно е да се почитуваат одредбите согласно Законот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион (Службен весник на Република Македонија, број 75/10), односно, да се постапи во согласност чл.65 и 129 од Законот за заштита на културно наследство, односно да се изврши увид од страна на стручно лице – археолог, и направи записник од увидот со кој ќе се дадат понатамошни смерници во постапката.

Ова Мислење со вградените податоци и информации да послужи за продолжување на постапката за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објекти со класа на намена Б 2.2 – Трговски центри на КП 2832/50, КП 2832/47, КП 2832/68, КП 2832/67, КП 2832/52 и дел од КП 2832/2 КО Струга, Општина Струга.

Со почит,

Изработил:
Весна Наумовска
диа конзерватор

Директор,
м-р Горан Патчев

ОПШТИНА СТРУГА
KOMUNA E STRUGES
Примено / Pranuar 22. 05. 2025
Орг.единица / Njes.organizative | Број / Numer 10-2130 | Прилог / Shtese | Вредност / Vlera

N.P Ujësjellës dhe kanalizim Strugë

Јавно претпријатие за снабдување со вода за пиење,
Одведување и пречистување на отпадни и атмосферски води на
Општина Струга_____

EDB: MK4026019532473

ДО:
Општина Струга

DERI TE:
Komuna e Strugës

Бр./Nr. 09-458/2
16.05 2025

Предмет: Доставување на мислење

Lënda: Dorëzim i mendimit

Сектор/Sektori:

Тех.Служба/Shërb.Tek

Во врска Вашето барање бр.10-2130/4 од 13.05.2025 за мислење за Урбанистички проект за изградба на Б2.2 –трговски центри на КП 2832/50, 2832/47, 2832/68, 2832/67, 2832/52 и дел од 2832/2 КО Струга, ЈП Водовод и Канализација Струга ви дава позитивно мислење за приклучување на водоводна мрежа.

За приклучок на канализација обратете се до Колекторски Систем-Охрид.

Në lidhje me kërkesën tuaj nr.10-2130/4 nga data 13.05.2025 për mendim për projektin urbanistik për ndërtim të B2.2 – qendra tregtare në PK 2832/50, 2832/47, 2832/68, 2832/67, 2832/52 dhe një pjesë e 2832/2 KK Strugë, NP Ujësjellës dhe Kanalizim Strugë ju jep mendim pozitiv për kyçje në rrjetin e ujësjellësit.

Për kyçje në kanalizim drejtohuni deri të Sistemi i Kolektorit –Ohër.

Со почит,

Me respekt,

ЈП Водовод и Канализација
Струга
Директор

_____

NP Ujësjellës dhe Kanalizim Strugë
Drejtor

_____

Македонски Телеком АД, Кеј 13-ти Ноември бр. 6, 1000 Скопје

Бр. 70862

Датум: 22.04.2025

До
Општина Струга

Предмет: Доставување на мислење

Согласно Вашето Барање за Мислење добиено преку информацискиот систем е-урбанизам за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објекти со класа на намена Б2.2 – Трговски центри на КП 2832/50, КП 2832/47, КП 2832/68, КП 2832/67, КП2832/52 и дел од КП 2832/2 КО Струга, Општина Струга, Ви доставуваме ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ.

Лице за контакт: Марија Николовска, тел. 070/201-058.

Со почит,
Македонски Телеком АД Скопје
DEVOPS активности на оптика
и мрежи од следна генерација
По овластување на
Дејан Влаховиќ

МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ АД-СКОПЈЕ
Адреса: Кеј 13-ти Ноември 6, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Телефон: +389 2 3100 200 | Факс: +389 2 3100 300 | Internet: www.telekom.mk
Контакт центар за приватни корисници: +389 2 122, +389 70 122|E-Mail: kontakt@telekom.mk
Контакт центар за деловни корисници: +389 2 120, +389 70 120|E-Mail: biznis.kontakt@telekom.mk
ЕМБС: 5168660 | Основна главнина: МКД 9.583.887.733,00
ISO 9001, ISO 14001 и ISO 27001 сертифицирана компанија

Република Северна Македонија
Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Bujqësisë, Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujërave

СЕКТОР ЗА РЕГИСТРИРАЊЕ, УПРАВУВАЊЕ, УНАПРЕДУВАЊЕ И ПРОДАЖБА НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ

03.07. 2025

АРХИВСКИ БРОЈ: 40 -6476/5

ДО: Општина Струга

ПРЕДМЕТ: Мислење

Почитувани,

Во врска со вашето за **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објекти со класа на намена Б2.2 – Трговски центри на КП 2832/50, КП 2832/47, КП 2832/68, КП 2832/67, КП2832/52 и дел од КП 2832/2 КО Струга, Општина Струга, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство ве известува со следното:**
Согласно член 6 од Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија" бр.135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15, 7/16, 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.161/19, 178/21, 91/23, 218/24 и 235/24), доколку при изработката и донесувањето на урбанистичките планови се зафаќаат нови земјоделски површини, донесувачот на урбанистичкиот план, до Министерството поднесува барање за давање мислење за пренамена на земјоделско во градежно земјиште согласно со членот 54 од Законот за урбанистичко планирање, преку информацискиот систем е-урбанизам.

Во согласност со став 2 од истиот член барателот преку информацискиот ситем е-урбанизам кон барањето за мислење ги достави следниве документи:

- Проектна програма за изработка на урбанистички проект вон опфат изработена согласно со Законот за урбанистичко планирање, Институт за урбанизам, сообраќај и екологија ИН-ПУМА ДОО СкопјеТех.,бр.22/25 од март 2025 година, заверена од Градоначалникот на општина Струга Рамис Мерко, Тех.бр.10-1814/5 осн 04,04,2025 година.

-Сскица на плански опфат со графички приказ за земјоделското земјиште кое е предмет на трајна пренамена.

-Имотни Листови.

-Список на индикации

- Геодетски елаборат за нумерички податоци. изработена од Друштво за геодетски-катастарски услуги Гео Сурвеј Џила деловоден број00709-39/3 од 29.05.2025.година.

Согласно доставената документација и увидот во истата констатирано е дека:

Република Северна Македонија
Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Bujqësisë, Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujërave

